**Известување за концентрација со која Медиковер Инвестмент Б.В. стекнува директна единствена контрола врз Приватна здравствена установа – дијагностичка лабораторија со биохемиска и микробиолошка лабораторија Синлаб Скопје**

**(предмет бр. 08-127/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 23.08.2024 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Медиковер Инвестмент Б.В. стекнува директна единствена контрола врз одредени субјекти на Синлаб Интернационал ГмбХ лоцирани во одредени земји, вклучувајќи ја и Северна Македонија каде што Медиковер ќе стекне 98,0% во Приватна здравствена установа – дијагностичка лабораторија со биохемиска и микробиолошка лабораторија Синлаб Скопје.

Медиковер е индиректно претпријатие-ќерка во целосна сопственост на Медиковер АБ (пабл) (*Medicover AB (publ)*), кое е матичното друштво на групацијата на друштва Медиковер, водечки меѓународен давател на здравствени и дијагностички услуги основана во 1995 година ("Групацијата Медиковер"). Хартиите од вредност на Медиковер АБ (пабл) котираат на стокхолмската берза Насдак. Групацијата Медиковер управува со голем број амбулантски клиники, болници, установи за специјализирана нега, лаборатории и пунктови за вадење крв, преку две дивизии- Услуги за здравствена заштита и Дијагностички услуги, и неговите најголеми пазари се П олска, Германија, Романија, Индија и Украина.

Друштвото што стекнува првенствено функционира како инвестициски субјект во рамките на корпоративната структура на групацијата. Компанијата е со седиште во Луцхтхавенуег 81, Унит, 230А, 5657ЕА Ајндховен, Холандија (*Luchthavenweg 81, Unit 230A, 5657EA Eindhoven, Netherlands*) и обезбедува инвестициски услуги кои го поддржуваат стратешкиот раст и финансиското работење на Групацијата Медиковер.

Групацијата Медиковер не е активна преку подружници, претпријатија-ќерки или претставништва и не обезбедува никакви лабораториски дијагностички услуги во Северна Македонија.

ПЗУ СИНЛАБ е дел од Групацијата СИНЛАБ која е водечки партнер во медицинските дијагностички услуги и специјалистичко тестирање во Европа. Групацијата нуди целосен опсег на иновативни и доверливи медицински дијагностички методи на пациенти, лекари, болници и клиники, влади и корпорации. Услугите на Синлаб во Северна Македонија вклучуваат, во областа на хуманата медицина, клиничка хемија, хематологија, коагулација, микробиологија, серологија, имунологија, генетика, молекуларна биологија, патологија, цитологија, ендокринологија и породилна нега.

ПЗУ СИНЛАБ е дијагностичка лабораторија со биохемиска и микробиолошка лабораторија со регистрирана дејност бр. 86.90 – Други активности за здравствена заштита и адреса на Огњен Прица бр.1 – локал/3,4,5 Скопје – Кисела Вода, Северна Македонија.

Предложената трансакција се однесува на пазарот на клинички лабораториски дијагностички услуги.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

26.08.2024 година
Скопје